	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
Q0 ЗАшТИТА И СПАСУВАЊЕ	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
ПРИХОДИ :												
Q00 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
РАСХОДИ :												
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**20.000**	**20.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**20.000**
426 Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
Q00 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**20.000**	**20.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**20.000**
426 Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	20.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		55.082.464	53.856.975	150.000	150.000	52.560.639	55.591.639	459.477	459.477	0	0	108.252.580	110.058.091
Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
R1	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	90.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	90.000	90.000
	ПРИХОДИ :												
R10	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	90.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	90.000	90.000
	РАСХОДИ :												
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**10.000**	**10.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.000**	**10.000**
425	Договорни услуги	10.000	10.000	0	0	0	0	0	0	0	0	10.000	10.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**80.000**	**80.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**80.000**	**80.000**
482	Други градежни објекти	80.000	80.000	0	0	0	0	0	0	0	0	80.000	80.000
R10	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	90.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	90.000	90.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**10.000**	**10.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.000**	**10.000**
425	Договорни услуги	10.000	10.000	0	0	0	0	0	0	0	0	10.000	10.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**80.000**	**80.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**80.000**	**80.000**
482	Други градежни објекти	80.000	80.000	0	0	0	0	0	0	0	0	80.000	80.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		55.082.464	53.856.975	150.000	150.000	52.560.639	55.591.639	459.477	459.477	0	0	108.252.580	110.058.091
Категорија / Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
RA	КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ЗАшТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	ПРИХОДИ :												
RA0	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	РАСХОДИ :												
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
482	Други градежни објекти	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
RA0	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛ	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
482	Други градежни објекти	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
Ниво: Ставка

		55.082.464	53.856.975	150.000	150.000	52.560.639	55.591.639	459.477	459.477	0	0	108.252.580	110.058.091
Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофинансирачки активности		Расходи од дотации		Расходи од донации		Расходи од кредити		Вкупни расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
W0	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА	3.561.506	3.386.017	0	0	4.900.000	5.707.000	0	0	0	0	8.461.506	9.093.017
	ПРИХОДИ :												
W00	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	3.561.506	3.386.017	0	0	4.900.000	5.707.000	0	0	0	0	8.461.506	9.093.017
	РАСХОДИ :												
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**2.648.006**	**2.532.517**	**0**	**0**	**4.900.000**	**5.707.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**7.548.006**	**8.239.517**
401	Основни плати	655.000	539.511	0	0	3.529.000	3.976.000	0	0	0	0	4.184.000	4.515.511
402	Придонеси за социјално осигурување	1.428.000	1.428.000	0	0	1.371.000	1.731.000	0	0	0	0	2.799.000	3.159.000
404	Надоместоци	565.006	565.006	0	0	0	0	0	0	0	0	565.006	565.006
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**913.500**	**853.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**913.500**	**853.500**
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	590.000	590.000	0	0	0	0	0	0	0	0	590.000	590.000
423	Материјали и ситен инвентар	100.000	40.000	0	0	0	0	0	0	0	0	100.000	40.000
424	Поправки и тековно одржување	150.000	150.000	0	0	0	0	0	0	0	0	150.000	150.000
425	Договорни услуги	43.500	43.500	0	0	0	0	0	0	0	0	43.500	43.500
426	Други тековни расходи	30.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	30.000
W00	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	3.561.506	3.386.017	0	0	4.900.000	5.707.000	0	0	0	0	8.461.506	9.093.017
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**2.648.006**	**2.532.517**	**0**	**0**	**4.900.000**	**5.707.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**7.548.006**	**8.239.517**
401	Основни плати	655.000	539.511	0	0	3.529.000	3.976.000	0	0	0	0	4.184.000	4.515.511
402	Придонеси за социјално осигурување	1.428.000	1.428.000	0	0	1.371.000	1.731.000	0	0	0	0	2.799.000	3.159.000
404	Надоместоци	565.006	565.006	0	0	0	0	0	0	0	0	565.006	565.006
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**913.500**	**853.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**913.500**	**853.500**
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	590.000	590.000	0	0	0	0	0	0	0	0	590.000	590.000
423	Материјали и ситен инвентар	100.000	40.000	0	0	0	0	0	0	0	0	100.000	40.000
424	Поправки и тековно одржување	150.000	150.000	0	0	0	0	0	0	0	0	150.000	150.000
425	Договорни услуги	43.500	43.500	0	0	0	0	0	0	0	0	43.500	43.500
426	Други тековни расходи	30.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	30.000

Член 4

Измената и дополнувањето на буџетот на општина Ранковце за 2023 година влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр. 09–1092/4
14.11.2023 година
Ранковце

Претседател на Совет на
Општина Ранковце
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година

1.Се прогласува Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 31-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 14.11.2023 година.

2.Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1127/2
15.11.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија‘‘ бр 5/02),член 28 од Законот за благосостојба и заштита на животни („Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10,3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седница одржана на ден 14.11.2023 година, донесе:

ПРОГРАМА
За решавање на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година

1.ВОВЕД

Оваа програма е произлезена како обврска од Законот за благосостојба и заштита на животни и има за цел да ги утврди активностите за третирање на кучиња скитници, условите, организацијата, обемот на извршувањето како и начинот на финансирање на потребните активности.

Донесувањето на оваа Програма е поврзано и со зголемено присуство на кучиња скитници и од потребата за контрола на нивниот број на единствен можен и препорачан хуман начин на третирање на овие животни што е вградено и во Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Ранковце.

Хуманиот начин на третирање на животните кучиња скитници подразбира стерилизација на здравите животни и создавање услови за нивен хуман понатамошен третман од една страна и еутаназија на оние животни кои ги исполнуваат критериумите препорачани во членовите 26, 27, 28, 29, 30 и 31од Законот за благосостојба и заштита на животни („Службен весник на РМ’’ бр.149/14, 149/15 и 53/16).

2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Програма за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце е заснована на нивната перманентна контрола на Подрачјето на целата Општина.

Програмата за решавање на проблемот од зголемено присуство на кучињата скитници ги предвидува следниве активности:

заловување на животните ;
нивни транспорт до стационар ;
вакцинација и дехелментација ;
прием и ветеринарен клинички преглед ;
идентификација, чипирање и водење евиденција ;
кастрација ;
постоперативно сместување и третирање ;
повик кампања за домување ;
транспорт односно враќање на животните до местото на заловување и нивно ослободување ;
еутаназија на болни и опасни по средината животни ;

Постапката на наведените активности ќе ја спроведува економски оператор кој ги исполнува условите за вршење на овој вид на дејнос, со регистрирано прифатилиште во Република Македонија, со кој ќе биде склучен Договор.

2.1. Заловување и транспорт

Заловувањето и транспортот на кучињата скитници ке го спроведуваат специјално оспособени работници на избраниот економски оператор за заловување на бездомните кучиња кои треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и со соодветна опрема од типот на : јамки и мрежи за заловување, дувалки за застрелување со средства за времено успивање, корпи и кафези за заловување и транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Заловувањето на кучиња скитници се врши во присуство на претставник на Општината определен од страна на Градоначалникот. За заловените кучиња се изготвува записник во кој се заведува бројната состојба на заловените кучиња скитници, место на заловување, пол, раса, знаци и обележја на кучето и евидентна болест или повреда.

Заловувањето на кучињата ке се спроведува во рани утрински часови кога присуството и движење на луѓе и возила по улиците е минимално. Секое заловено куче времено ке се маркира и истото ке се фотографира. Фотографиите ке служат за идентификација на кучињата од сопственици доколку некое од кучињата е изгубено од страна на сопственик или пак самото куче побегнало од дома.

Транспортот од местото на заловување до стационарот ќе се врши со специјално возило опремено со соодветни кафези за сместување на кучињата скитници.Транспортот ке се спроведува рано наутро при што службата за заловување треба да обезбеди во кафезот да има вентилација и струење на воздух и колку што е можно да се избегнува непотребно задржување по патот до стационарот.

Службата за заловување и транспорт на кучињата скитници во возилото задолжително треба да поседува налог, товарен лист и записник од комунален инспектор.

Униформите и возилото треба видно да се обележани со натпис „Служба за бездомни кучиња’’ .

2.2.Стационар и медицинскитретман

Стационар е објект за прифаќање и третирање на кучињата скитници, лоциран надвор од потесното градско подрачје опремен со соодветни простории за медицински третман потоа кафези или боксови за сместување на животните односно ги поседува сите услови предвидени со закон и подзаконски акти и истиот треба да има дозвола за работа од соодветен надлежен орган.

Стационарот односно прифатилиштето да е регистрирано од надлежен орган агенција за храна и ветеринарство и истиот редовно да се контролира од надлежен официјален ветеринар.

Во Стационарот веднаш по пристигнување на кучињата скитници истите треба задолжително да се евидентираат и заведуваат односно за истите да се отвори евидентен лист. Воедно сите пристигнати кучиња се прегледуваат, проверуваат дали имаат микрочип и истите се вакцинираат против беснило и други болести, потоа се врши дехелментација односно кастрирање, а доколку не се обележани се бележат со ушна маркица и се фотографираат.

Доктор по ветеринарна медицина е одговорен за здравствената состојба на кучињата скитници во прифатилиштето. Исто така врши рангирање и проценка на кучињата односно на нивната состојба со посебен осврт и внимание на агресивноста, староста и здравствената состојба со тоа што за старите, агресивни и болни кучиња скитници на овластената служба препорачува еутаназија на истите, додека здравите кучиња скитници се сместуваат во посебни боксови во кои на соодветни табли се запишани основни податоци. За овие кучиња потребно е обезбедување на храна и вода.

2.3. Еутаназија

Еутаназија на кучиња скитници се спроведува од соодветната служба по дадена препорака и записничка констатација врз основа на комисиска проценка на стручни лица од ДВМ како второ мислење покрај мислењето на надлежниот ветеринарен доктор.

Комисиска проценка како второ мислење не се бара:

во сите случаи кога за тоа е утврдено од надлежно министерство во согласност со важечките закони и наредби (како во случај на појава на епидемии и заразни болести);

при дијагностицирање на болести за кои по мислење надоктор по ветеринарна медицина третманот е веројатна причина за безпотребна болка и страдање;

ветеринарнамедицина третманот нема да биде ефикасен за да овозможи понатамошен прифатлив квалитет на живот на животното;

во случај на старост кога животното неможе само да се носи со животот односно кога животната кондиција е таква односно неговата состојба исклучува секаква надеж за продолжување на животот на животното па така еутаназијата ке го превентира страдањето;

кога темераментот на животното е таков што предизвикува непосредна опасност за околината.

Еутаназијата ќе се спроведува на начин определен со закон како и нивното отстранување.

2.4.Стерилизација (кастрација)

Стерилизацијата ке се спроведува како мерка за намалување односто за контрола на кучињата скитници. Стерилизацијата на женските и машките кучиња скитници ке се врши после детален ветеринарен преглед. Сите кучиња кои по мислење на докторот по ветеринарна медицина ќе ги исполнат критериумите за кастрирање ќе се оперираат односно стерилизираат

По завршената операција оперираните кучиња се сместуваат во соодветен оддел на прифатилиштето каде што престојуваат од 5-7 дена до зараснувањето на оперативната рана.

Пред операцијата за кастрирање за време на анестезијата кучињатасе маркираат на увото и на истите им се вградува соодветен микро чип на увото, а потоа маркираниот број и серискиот број на микрочипот се заведуваат во матичната евиденција.

Во постоперативниот период кучињата се сместуваат во наменските кафези односно боксови каде се врши редовно хранење и истите се под постојан надзор од соодветната служба.

Боксовите во стационарот редовно се чистат, на истите редовно се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба односно на шест месеци се спроведува и дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши здравствен преглед и процена на состојбата а по потреба врз основа на проценка се спроведува и тест за социјализација на одредени кучиња.Кучињата се враќаат на приближно истата локација од каде што претходно биле заловени.

Пред да бидат вратени на местото на заловување задолжително истите се испитуваат од Лашманиоза.

Исто така пред пуштањето на кучињата скитници од страна на определен орган на општината се спроведува повик до граѓаните за можност за згрижување на заловените и истретирани животни.

3.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Со оваа програма се предвидува заловување и третирање на кучиња скитници во наредната 2024 година, односно со оваа програма се предвидува заловување и третирање на 7 до 8 кучиња.

Активностите ќе се одвиваат два пати во текот на годината и по потреба во случај на пријава од граѓани за агресивни кучиња скитници.

Активностите за заловување ќе се спроведуваат во две нивоа на активности и тоа како дневни во кои ќе се извршуваат редовни увиди и контроли за евидентирање и пратење на опфатот на движење на кучиња скитници и ноќни

Активности кои ќе се спроведуваат во доцните ноќни часови односно пред се во раните утрински часови кога ќе се спроведува заловување на кучињата скитници.

Во моментов во Општина Ранковце нема стационар прифатилиште поради што од тие причини потребните услуги за третирање на кучињата скитници ќе се спроведуваат во прифатилиштата на економските оператори се до моментот на изградба на прифатилиште на подрачјето на Општина Ранковце.

4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирање на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година. Проектираните потребни средства за реализација на програмата изнесуваат 60.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Плаќањето на избраниот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

5.НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа Програма ќе биде Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, лер и јавни дејности врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Ранковце.

Извршител на Програмата ќе биде економски оператор кој поседува лиценца за вршење на наведените активности издадена од соодветен државен орган.

Носителот на активностите од оваа Програма годишно доставува извештај за реализација на Програмата на крајот од годината до Советот на Општина Ранковце.

6. НАДЗОР

Надзор за извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, лер и јавни дејности.

Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластениот комунален инспектор.
Целокупната работа на активностите на Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце и на Економскиот оператор за заловување и третирање на кучињата скитници е под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

7. ИЗВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Ранковце".

Бр. 09-1092/5
14.11.2023 година
Ранковце

Совет на општина Ранковце
Председател,
Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата и Локалниот акциски план за подобрување на состојбата на Ромите во Општина Ранковце за 2024-2027 година

1.Се прогласува Програмата и Локалниот акциски план за подобрување на состојбата на Ромите во Општина Ранковце за 2024-2027 година, донесени на 31-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 14.11.2023 година.

2.Програмата и Локалниот акциски план за подобрување на состојбата на Ромите во Општина Ранковце за 2024-2027 година, да се објават во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1127/3
15.11.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Програма и Локален акциски план за подобрување на состојбата на Ромите во Општина Ранковце (2024-2027)

ноември 2023

СОДРЖИНА

1.Профил на Ромската заедница во Ранковце---------- 03

2.Визија---------- 04

3.Стратешки приоритети---------- 04

4.Проблеми и потреби ---------- 05

5. Цели и задачи---------- 07

6. Акциски план ---------- ---------- 09

7. Буџет ---------- - 1

1. Профил на Ромската зедница во општина Ранковце

Општина Ранковце е мала рурална општина во Североисточниот плански регион на државата населена со 3465 жители со постојано место на живење , од кои 95 % се македонци , околу 4,13 % роми и 0,87 % припадници на другите етнички заедници .
Ромската заедница од Општина Ранковце по податоците од пописот од 2021 година брои 143 жители кои се изјасниле како роми по етничка припадност , од кои 76 мажи и 67 жени , меѓутоа реалната бројка на припадници на ромската популација е значително поголема и се движи од 350-400 припадници на оваа етничка заедница . Во однос на верската припадност над 90 % од ромите се православни христијани, кои не го зборуваат ромскиот јазик и малку ја познаваат ромската традиција и култура .
Домовите на жителите од ромската заедница се сконцентрирани во пет населени места во општина Ранковце и тоа во селото Ранковце кое е и центар на општината каде живеат најголем број од припадниците на ромската заедница, во селото Псача и по неколку домаќинства во селата Петралица ,Гиновци и Опила.
Над 60% од ромски домаќинства се со место на живеење во периферните делови на населените места и се со делумно решена патна и комунална инфраструктура и незадоволителни хигенски услови за живеење . Останатите се во склоп на целокупната заедница но сеуште не се надминати разликите кои произлегуваат од традиционалните навики .
Во однос на образованието најголем дел од припадниците на ромскиот етникум се со низок степен на образование, мал дел се со средно и само двајца со високо образование. Најголем дел од возрасната популација се дури и со нецелосно основно образование и низок степен на квалификации , што е и една од причините за потешкото вклопување на пазарот на труд. На што укажува високата стапка на невработеност кај ромската популација и големиот % на корисници на гарантирана минимална помош, односно над 55 % од носители на ова право од Центарот за социјални работи се роми.
Слабата економска моќ на припадниците од ромската популација е причина за субстандардниот квалитет на нивното домување, начин на живот и егзистирање. Традицијата и патријалхалните убедувања сеуште младите генерации ги оставаат без соодветно образование и ги втурнуваат во малолетнички бракови и семејства .

Земајки во предвид дека општината Ранковце е рурална општина со слабо развиена инфраструктура , стопански , услужни субјекти како и економски можности проблемте со кои се соочува ромската заедница во голема мера не се разликуваат од вообичаените предизвици на целокупната заедница .
Општината во рамките на своите можности и надлежности континуирано се залага за подобрување на квалитетот на живот на целокупната заедница вклучувајки ја и ромскта етничка заедница како рамноправен чинител на развој на општината .

2. Визија

"Ромите да станат рамноправни и активни чинители во целокупниот развој на Општина Ранковце "

3. Стратешки приоритети:

Домување
Подобрен квалитет на домување на Ромите во општина Ранковце

Вработување
Намален број на невработени Роми

Здравство
Подобрен пристап до квалитетна примарна здравствена заштита во општина Ранковце

Образование
Подобрен образовен статус на Ромите во општина Ранковце

Родова еднаквост
Зајакната положба на жената Ромка во локалната заедница и општеството

4.Проблеми и потреби /контекст

Домување

Предмет на оваа програма се приоритетните проблеми поврзани со домувањето и квалитетот на живеење на ромската заедница.
Супстандарните услови за живеење во населбите и станбените објекти е еден од поголемите проблеми на ромската заедница во Општина Ранковце.
Во овие населби има лоши хигиенски услови затоа што објектите најчесто се изградени како бесправно изградени објекти од супстандарден материјал, со нерешени имотно правни работи (изградба на државно земјиште), без инсталации за водовод и канализација во објектите , мали објекти со многу членови , со минимален простор што е под стандардите за површина по жител во станбен простор. Поради социјалниот статус и слабата финансиска моќ, ромите не можат да платат и за оние комунални услуги што се достапни на населението во населбите во кои живеат.
Како последица на ваквата состојба има нарушување на сигурноста и здравствената состојба на поголем дел од ромското население.

Вработување

Големиот број на невработеност кај ромската популација е еден од најголемите проблеми со кои се среќава Ромската заедница во Општина Ранковце.
Незаинтересираноста за работа (патријалхална навика кај дел од ромите) , не евидентирањето или нередовното и ненавремено пријавување на ромите во Агенција за вработување, се причини за оваа секако неповолна состојба.
Недоволната информираност и неажурност на граѓаните е причина за неостварување на правата за социјална заштита, добивање на доказ за статус на невработено лице како и нивно невклучување во активните мерки на Владата на Република Македонија за намалување на невработеноста.
Ниската квалификациона структура на ромите од Општина Ранковце е исто така голем проблем при вработувањето на граѓаните Роми.
Покрај претходно наведените проблеми, еден од клучните проблеми е и големиот бројот на Роми кои го немаат дооформено основното и средното образование или се без никакво образование.
Како директна последица од ова се ограничените можности за вработување. Многу често Ромите се вработуваат на работни места со ниска квалификациона структура што им ги ограничува можностите за прифатлив квалитет на живеење.

Високиот процент на невработеност кај Ромската заедница придонесува до зголемен број на корисници на социјална парична помош, низок социо-економски статус и зголемување на сиромаштијата кај Ромите.

Здравство

Во здравството како сегмент, Ромите покажуваат одредени специфичности, кои се разликуваат од генералната слика на здравствената состојба, која се должи пред се на лошите услови на живеење , недоволното образование, недостапноста на здравствената заштита, лошите хигенски услови , неквалитетна исхрана кои се причина за поизразито рано нарушување на здравствената состојба и пократок животен век кај оваа популација . Сето тоа ги отсликува проблемите и потребите на Ромите во Општина Ранковце, кои воглавно се однесуваат на следново:

Отежнат пристап до примарната здравствена заштита бидејќи во Ранковце има само приватна ординација без лабораториски испитување и стоматолошки услуги , затоа сите жители па и Ромите за лекарски прегледи и интервенции често се принудени да патуваат до Крива Паланка што дополнително го оптоварува нивниот скромен буџет.

Затоа е потребно да се обезбеди примарна здравствена услуга на територијата на Општина Ранковце , како и возило што во објективните просторни услови, рурален карактер на општината , со села од разбиен малски тип каде што живеат и Ромите е навистина главен услов за подобрување на здравјето на оваа секако ранлива популација.

Образование

Во Општина Ранковци во однос на образованието како проблеми и потреби кај ромската заедница се јавуваат:

- нередовно посетување на наставата од учениците од ромска популација
- недостиг на финансиски средства на родителите за ужинка и училишен прибор ,
- осипување на учениците од ромска заедница, поради миграција ,прерано стапување во брак и сл ,
- недостиг на чувство на вредност и присуство на чувство на натпревар
- непознавање на права и обврските за стекнување со образование и недоволна грижа за репродуктивното здравје и формирање на семејство
- непартиципација на родителите Роми во Советите на родителте,
- потреба од дооформување на задолжително основно и средно образование кај возрасни лица.

Како причини за појава на проблеми кај ромската заедница од Општина Ранковце се ниската свест и неедуцираност за потребата од образовние кај родителите Роми и можноста да допринесат во подобрување на условите и успехот на нивните деца, раното стапување во брак кој се појавува кај ромската заедница, слабиот економски сатус на ромската заедница како и немање на основни хигиенски и работни навики.

Како последици кои се појавуваат од овие проблеми се: отсуството од настава кај учениците Роми, како и слабиот успех, недоволна социјализација, незавршено образование иако е задолжително , необразованието е пречка за користење на бенифиции и услуги кои се нудат од страна на државата , неможност за вработување и правична застапеност во институциите и слично .

Родова еднаквост .

Жените и девојчињата од ромската заедница во општината се изложени на родова не-еднаквост и дискриминација и не ги уживат човековите права и слободи во целост .
Причина за ваквата состојба пред се е патријалхалното убедување и недоволното образование кое доведува до социјалната исклученост на ромската жена, која неретко е изложена на различни видови на злоупотреби и семејно насилство .

5. ЦЕЛИ

Домување

Стратешка цел 1: Подобар квалитет на живот и домување на Ромите во Општина Ранковце
Приоритет :
1. Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување на програми и проекти за сузбивање на штетните услови за живеење, развој на нова и подобрување на постојната инфраструктура;
2. Обезбедено социјално домување за ромските семејства во социјален ризик;

Мерки:
1. Подобрување на патната и комуналната инфраструктура во ромските маали;
2. Подигање на еколошката свест кај припадниците од ромската популација и создавање услови за нула (0) отпад;
3. Надминување на супстандардните услови за домување на ромите

Вработување

Стратешка цел 2: Зголемени можности за вработување на ромите на достоинствени работни места

Приоритети :
1. Повисок приход и оддржливи вработувања за Ромите;

Мерки :
1. Подобрен пристап за ромите до Владините програми за вработување;

Здравство

Стратешка цел 3: Подостапна и поквалитетна здравствена услуга и превенција од заразни болести

Приоритети :
1. Продолжување на животниот век кај Ромите
2. Спречување на дискриминацијата врз Ромите во пристапот до здравствените услуги и поголема достапност до квалитетно здравство;

Мерки :
1. Намалени стапка на морталитет кај ромите и превенција од заразни болести
2. Превенција од зависности

Образование

Стратешка цел 4: Зголемена мотивација и учество на Ромите во образовниот поцес

Приоритети :
1. Подобрена образовната структура кај ромската заедница особено кај девојчињата и жената Ромка

Мерки :
1. Подобрување на образовната структура кај ромската заедница (со посебен акцент на жените)

Родова еднаквост .

<u>Стратешка цел 5:</u> Жените и децата роми ослободени од нееднаквост и дискриминација

Приоритети :
1. Жените и девојчињата од ромската заедница ги уживаат човековите права и слободи , ослободени од родова не-еднаквост и дискриминација со еднаква економска, социјална и културна активност на жените Ромки;

Мерка :
Подигање на свеста за намалување на нивото на дискриминација и насилство врз жената Ромка и поголема економска активност на локално ниво

6. Акциски план за подобрување на состојбата на ромите во Општина Ранковце 2024-2027 година

Област Домување Стратешки цел 1: Подобар квалитет на живот и домување на Ромите во Општина Ранковце						
Мерки	**Активности**	**Надлежни институции**	**Време за реализација**	**Буџет МКД**	**Извор на финансии**	**Индикатори**
1. Подобрување на патната и комуналната инфраструктура во ромските маали;	- Реконструкција на локлен пат Зердин Дуб	Општина Ранковце	2024-2025 година	4.295.980,00	Министерство за транспорт и врски(Програма декада на ромите) и Општина Ранковце	850 м изградена улица
	- Изградба на улица М2- Ромска маала - спортски комплекс	Општина Ранковце	2024-2025 година	22.913.622,00	Министерство за транспорт и врскии , МФ Светска Банка и други извори	Крак-1 340 м (II Фаза) Крак-2 751 m
	Реконструкција на локален пат Циганска маала с.Псача	Општина Ранковце	2025-2026 година	3.172.688,00	Министерство за транспорт и врскии, МЛС и други извори	Реконструиран локален пат (околу 500 m)
	- Реконструкција на дел од канализациона мрежи во с.Ранковце	Општина Ранковце	2025-2027 година	3.000.000,00	МЖСПП и други извори	Реконструирана фекална канализација во 1000m
	- Регулација на речни корита (превенција од поплави)	Општина Ранковце	2024-2027 година	6.763.244,00	МЖСПП , ЕУ Фондови и други извори	Регулирано речно корито во m
	- Изработка на техничка документација за канализација	Општина Ранковце	2024-2025 година	100.000,00	МЖСПП и други извори	Изработена техничка документација за 1000 m канализациона мрежа
2. Подигање на еколошката свест кај припадниците од ромската популација и создавање услови за нула (0) отпад;	- Спроведување на едукативна кампања за подигање на еколошката свест	Општина Ранковце, ООУ христијан Тодоровски Карпош ; ЈОУДГ Детелинка - Ранковце	2024 година	20.000,00	Општина Ранковце, МЖСПП и други извори	Број на одржани предавања и број на присутни

	- Изработка на едукативни флаери за заштита на здравјето и животната средина	Општина Ранковце , ГО , ЈКП Чист ден	2024 година	20.000,00	Општина Ранковце, МЖСПП и други извори	Број на изработени и поделени флаери
3. Надминување на супстандардните услови за домување на ромите	- Бесплатна правна помош и насочување за Ромите со нерешени имотни прашања и легализација на објекти	Општина Ранковц	2024-2027	0,00	Општина Ранковце,и други извори	Број на корисници на услугата
	- Изработка на техничка документација за реконструкција на објект за времено сместување на лица изложени на социјален ризик и катастрофи	Општина Ранковц	2025-2027	50.000,00	Општина Ранковце и други извори	Број на изработени технички документации
	- Реконструкција на куќи на ромски семејства екстремно лоши услови	Општина Ранковц	2025-2027	200.000,00	Општина Ранковце, Црвен крст на РМ,МТСП и други извори	Број на реконструирани објекти
Област Вработување Стратешки цел 2 : Зголемени можности за вработување на ромите на достоинствени работни места						
1.Подобрен пристап за ромите до Владините програми за вработување	- Организирање на информативни средби со невработените Роми и за промоција на можностите и мерките	Општина Ранковц и АВРМ Центар за вработување Крива Паланка	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц и АВРМ Центар и други извори	Број на одржани обуки , број на посетители на обука , број на ново вработени роми кои посетиле обука

	за вработување					
	- Организирање на работилници и инфо сесии за развој на бизнис идеи и практиканство и самовработување	Општина Ранковц и АВРМ Центар за вработување Крива Паланка	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц и АВРМ и други извори	Број на одржани обуки , број на посетители на обука роми /представници на бизнис сектор , број на нови работни места
Област Здравство Стратешки цел 3 :Подостапна и поквалитетна здравствена услуга и превенција од заразни болести						
1.Намалени стапка на морталитет кај ромите и превенција од заразни болести	- Спрроведување на информативни средби за превенција од заразни болести , репродуктивно здравје и здравствено осигурување	Општина Ранковц, невладин сектор и Здравствени установи	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц, владини и невладини институции и други донатори	Број на одржани обуки и број на лица кои ја посетиле обуката
2.Превенција од зависности	- Едукативни средби за превенција од зависности	Општина Ранковц, невладин сектор и Здравствени установи	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц, владини и невладини институции и други донатори	Број на одржани обуки , Број на лица кои ја посетиле обуката
Област Образование Стратешки цел 4:Зголемена мотивација и учество на Ромите во образовниот поцес						
1.Подобрување на образовната структура кај ромската заедница (со посебен акцент на жените)	- Информативни работилници на тема значењето на образованието за развој на заедницата	Општина Ранковц, невладин сектор и Образовни установи	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц, МТСП, образовни установи и други донатори	Број на одржани работилници , Број на лица кои ја посетиле обуката
	- Мотивација и вклучување	Општина Ранковц, невладин сектор ,	2024-2027	200.000,00	Општина Ранковц, МТСП, други донатори	Број на новозапишани деца од ромската заедница во

	на децата роми во предучилишно образование	установи за воспитување на децата од предучилишна возраст(градинка)				градинка , број на реализиран проекти
Област Родова еднаквост Стратешки цел 5: Жените и децата роми ослободени од нееднаквост и дискриминација						
1.Подигање на свеста за намалување на нивото на дискриминација и насилство врз жената Ромка и поголема економска активност на локално ниво	- Зајакнување на капацитетите за инклузија на жената ромка во заедницата	Општина Ранковц, невладин сектор и	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц, АВРМ ГЗ, МТСП и др	Број на одржани работилници , Број на лица кои ја посетиле обуката
	-Обуки за препознавање и мерки превенирање на семејното насилство	Општина Ранковц, невладин сектор и	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц, , МВР, МТСП ,Образовни институции	Број на одржани работилници , Број на лица кои ја посетиле обуката
	-Подигање на свеста со едукација на децата роми од 13-16 годинаи за последиците од прераното стапување во брак	Општина Ранковц, невладин сектор и образовни и здравствени установи	2024-2027	10.000,00	Општина Ранковц, образовни установи , МТСП ,Здравствени установи и ГЗ	Број на одржани работилници , Број на лица кои ја посетиле обуката

7. Буџет

За спроведување на активностите на оваа програма за периодот од 2024 до 2027 година е предвиден буџет од 40.815.534,00 денари .

Буџетските средства ке бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ранковце , Владини институции и програми , средства од ЕУ фондови и од други извори преку донации, спонзорства и сл.

Оваа Програма влегиува во сила 8 дена од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце “, а ке се применува од 01.01.2024 година .

Бр.09- 1092/6
14.11.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање на согласност на усогласување на Годишен план за вработување во општина Ранковце за 2024 година

1.Се прогласува Одлуката за давање на согласност на усогласување на Годишен план за вработување во општина Ранковце за 2024 година, донесена на 31-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 14.11.2023 година.

2.Одлуката за давање на согласност на усогласување на Годишен план за вработување во општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1127/4
15.11.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ((„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018) и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на општина Ранковце („Службен гласник на општина Ранковце“) бр.09/2005, 04/2010, 03/2011, 11/2015, 4/2019 и 5/2022), Советот на општина Ранковце, на 31-та одржана на 14.11.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност на усогласување на Годишен план за вработување во општина Ранковце за 2024 година

Член 1

Се дава согласност на Усогласувањето на Годишниот план за вработување во општина Ранковце за 2024 година заведен под деловоден број 08–854/4 од 09.11.2023 година, донесен од градоначалникот на општина Ранковце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ранковце“.

Бр.09–1092/7
14.11.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за формирање на заедничка комисија

1.Се прогласува Одлуката за за формирање на заедничка комисија, донесена на 31-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 14.11.2023 година.

2.Одлуката за за формирање на заедничка комисија, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1127/5
15.11.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа начлен 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија “бр.79/2009) и член 23 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 14.11.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на заедничка комисија

Член 1

Се формира заедничка комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка.

Член 2

Заедничката комисија за МОС:
- ќе изготви предлог акт за воспоставување на МОС;

- ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува МОС.

Заедничката комисија ги доставува предлог актите до советите на општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка, во рок од 10 дена.

Член 3

Заедничката комисија е составена од четири членови, од кои двајца членови од секоја од општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинската соработка.

Член 4

Комисијата од член 1 на оваа одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Број 09-1092/8
14.11.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска-Јовановска с,р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка

1.Се прогласува Решението за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка, донесено на 31-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 14.11.2023 година.

2.Решението за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1127/6
15.11.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа начлен 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член 23 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 14.11.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка

Член 1

За членови на заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка се именуваат:

- Ленче Добрашиновиќ, Раководител на одделението за правни и општи работи во Општина Ранковце; и
- Билјана Илиевска, Советник за нормативно-правни работи и јавни набавки во Општина Ранковце.

Член 2

Оваа решение влегува во сила со денот со денот на донесувањето, а истото ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Број 09-1092/9
14.11.2023 година
Крива Паланка

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска-Јовановска с,р

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година
2. **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година**
3. **Заклучок за прогласување на Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година**
4. **Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Ранковце за 2024 година**
5. **Заклучок за прогласување на Програмата и Локалниот акциски план за подобрување на состојбата на Ромите во Општина Ранковце за 2024-2027 година**
6. **Програма и Локален акциски план за подобрување на состојбата на Ромите во Општина Ранковце за 2024-2027 година**
7. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на согласност на усогласување на Годишен план за вработување во општина Ранковце за 2024 година**
8. **Одлука за давање на согласност на усогласување на Годишен план за вработување во општина Ранковце за 2024 година**
9. **Заклучок за прогласување на Одлуката за формирање на заедничка комисија**
10. **Одлука за формирање на заедничка комисија**
11. **Заклучок за прогласување на Решението за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка**
12. **Решение за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка**

_____/_____